**З А П И С Н И К**
**од Деведесет и првата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 2.10.2018 година**

**Скопје, октомври 2018 година**

**З А П И С Н И К**
**од Деведесет и првата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 2.10.2018 година**

Седницата започна во 12:30 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, членовите на Владата на Република Македонија д-р Рената Дескоска, министер за правда, д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Венко Филипче, министер за здравство, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, Мила Царовска, министер за труд и социјална политика, Сухејл Фазлиу, министер за локална самоуправа, Асаф Адеми, министер за култура, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Садула Дураки, министер за животна средина и просторно планирање, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, д-р Аднан Ќахил, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Аксел Ахмедовски, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија, Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, д-р Зоран Шапуриќ, министер без ресор задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија и д-р Бардуљ Даути, министер без ресор, како и генералниот секретар на Владата на Република Македонија, д-р Драги Рашковски.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Македонија на седницата присуствуваа и м-р Андреј Жерновски, заменик на министерот за надворешни работи и Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација.
На седницата присуствуваа и Миле Бошњаковски и Муамет Хоџа, портпароли на Владата на Република Македонија, Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи и Сања Лукаревска, директор на Управата за јавни приходи.

Од седницата отсуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација на економските ресори, д-р Кочо Анѓушев и заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за спроведување на Рамковниот договор и политички систем, Хазби Лика и членот на Владата на Република Македонија м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи.

*

*　　*

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

-Усвојување на Записник од 90-та седница на Владата на Република Македонија, одржана на 25.9.2018 година

**Пред преминување на Дневен ред**

- Информација за програмите на Унијата за 2017 година
- Информација за состојбата со правичната застапеност на вработените и структура во Управата за финансиска полиција

**А. МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ВОДИ РАСПРАВА И СЕ ОДЛУЧУВА**

**а) Гости**

1. Информација за имотот кој припаѓал на должникот Тутунски комбинат „Боро Петрушевски Папучар“ АД од Куманово

2. Информација со Предлог-одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад
3. Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на продажни цени за објектот 3.2, Ламела А, Ламела Б, Ламела В, Ламела Б1, Ламела Г и подземен паркинг П1 - Комплекс Источна индустриска зона во Скопје

4. Збирен извештај за настанатите штети од елементарни непогоди кои ги зафатија општините: Босилово, Лозово, Охрид, Свети Николе и Струмичко

5. Барање за овластување за изработка на одликувања, со Предлог-одлука

**б) економски систем и тековна економска политика**

6. Информација за продажба на движни ствари, со Предлог-одлука

7. Информација со предлог за поведување на постапка за формирање на работна група за имплементација на Договор за соработка во областа на туризмот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Црна Гора

8. Информација за одржување на Втората седница на Мешовитата комисија по Меморандумот за економска соработка меѓу министерствата за економија на Република Македонија и Словачката Република

9. Информација во врска со извршената евалуација од Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина 3/2018 („Службен весник на Република Македонија“, бр. 55/2018), со Предлог-одлука

10. Информација во врска со извршената евалуација по Јавниот повик за доделување на концесии за експлоатација на минерална суровина - мермер на локалитетот „Дебриште“, Општина Росоман по Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина-мермер на локалитетот „Дебриште“, Општина Росоман бр.44-4187/1 од 19.12.2017 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.189/2017), со Извештај и Предлог- одлука

11. Информација за постапката за донесување на Методологија за утврдување на надоместок, согласно Законот за водостопанство, со текст на Методологија

12. Информација за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план за село Дулица за изградба на објекти со намена А-домување, Б-комерцијални и деловни намени, В-јавни институции, Г-производство, дистрибуција и сервиси, Д-зеленило и рекреација, Е-инфраструктура КО Дулица, Општина Македонска Каменица, со Предлог-одлука

13. Информација за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на фотоволтаична централа за производство на електрична енергија КО Лешок, Општина Теарце, со Предлог-одлука

14. Информација за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на измена и дополна на Проект за инфраструктура за изградба на водоснабдителен систем со потребни хидротехнички објекти на потег од бунарско подрачје до приклучок со водоснабдителен систем на стационажа 0+800,00 за ТИРЗ Прилеп, со Предлог-одлука

15. Информација во врска со активностите кои ги презема Република Македонија за имплементација на Националната стратегија за одржлив развој и имплементација на Целите за одржлив развој на Обединетите нации, со Предлог-одлука

16. Барање за автентично толкување на член 25 став 1 точка 10 од Законот за даноците на имот („Службен весник на Република Македонија“ бр.61/2004, 92/2007, 102/2008, 35/2011, 53/2011, 84/2012, 188/2013, 154/2015, 192/2015 и 23/2016)

**в) политички систем**

17. Информација за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2018/901 на Советот од 25 јуни 2018 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2017/2074 за рестриктивните мерки во однос на состојбата во Венецуела, со Предлог-одлука

18. Информација за можностите и условите за спогодбено решавање на предметот пред Европскиот суд за човекови права Реџепи против Република Македонија, А.бр.16632/15

**г) човечки ресурси и одржлив развој**

19. Предлог-програма за изменување и дополнување на Програмата за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард за 2018 година

20. Информација за прогрес на активностите во процесот на изработка на Стратегијата за паметна специјализација за истражување и иновации (РИС3) (за период јануари-јуни 2018 година)

21. Информација за Протоколот за продолжување и дополнување на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Соединетите Американски Држави за научна и технолошка соработка, со текст на Протокол

22. Информација со платформа за учеството на македонската делегација на Осмата Конференција на земјите договорни страни на Рамковната конвенција за контрола на тутунот на Светската здравствена организација (Женева, Швајцарија од 1 до 6 октомври 2018 година)

**Б) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ОДЛУЧУВА БЕЗ РАСПРАВА**

**а) економски систем и тековна економска политика**

23. Предлог-одлука за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - термоминерална вода на Друштвото за производство и трговија ЛЕДРА АГРО ДОО Гевгелија на локалитетот „Смоквица”, Општина Гевгелија

24. Предлог-одлука за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - минерална вода на Друштвото за производство, промет и услуги Вест Балкан Стоне увоз-извоз ДОО Скопје на локалитетот „Питран“ с.Дворци, Општина Пласница

25. Предлог-одлука за започнување на постапка за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - варовник на локалитетот „Климештани“ с.Климештани, Општина Дебарца и Општина Струга

26. Предлог-решенија за формирање комисија за спроведување на постапки за доделување концесии на рибите за организирање рекреативен риболов на риболовни ревири и рекреативни зони и за вршење стопански риболов

**б) политички систем**

**27.** Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Казнено - поправната установа Затвор Скопје - Скопје

**28.** Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерство за правда - Биро за застапување на Република Македонија пред Европскиот суд за човекови права

**29.** Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за правда - Управа за водење на матичните книги

**30.** Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за правда - Управа за извршување на санкциите

**в) човечки ресурси и одржлив развој**

**г) предлози по кои Владата дава мислење**

**(а) по барање на Собранието на Република Македонија**

**31.** Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за животната средина, поднесен од група пратеници

**32.** Барање за давање на автентично толкување на член 112 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/2011, 53/2011, 144/2012, 25/2013, 137/2013 и 163/2013), поднесено од градоначалникот на Општина Охрид

**(б) по барање на органи, организации и други правни лица**

**33.** Понуда од нотар Васил Кузманоски од Охрид за продажба на сосопственички дел од недвижен имот, со Имотен лист бр.1812 за КО Велестово, КП 2686/1 викано место/улица Рача

**34.** Известување од извршител Снежана Андреевска од Скопје за налог за извршување врз недвижност (врз основа на член 166 од Законот за извршување) доставени под И.бр.813/18

**35.** Известување од извршител Кети Арсова од Скопје за Заклучок за усна јавна продажба (врз основа на членовите 179 став 1, 181 став 1 и 182 став 1 од Законот за извршување) доставено под И.бр.326/2018

**д) други предлози**

**36.** Кадровски прашања

**37.** Прашања и предлози

**В) ЗА ИНФОРМИРАЊЕ**

38. Тримесечен извештај за работата на Акционерско друштво во државна сопственост за давање на услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје за периодот април - јуни 2018 година, со дополнителни документи

39. Информација за целосна отплата на синдициран кредит, НЛБ и Комерцијална банка во износ од 9.800.000 евра

40. Информација за 2018 година за реализација на проектите: „Бесплатен викенд за млади лица до 27 години за превоз во железнички сообраќај“, „50% попуст за ученици и студенти“, „Бесплатен четврток за студенти во железнички патнички сообраќај“, „Средношколска среда“ и „Бесплатен викенд за стари лица во железнички патнички сообраќај“

41. Годишен извештај за работата на Советот на јавните обвинители на Република Македонија за 2017 година

42. Информација за текот и прогресот на активностите за реализација на проектот „Евтини летови за македонските граѓани“

43. Информација во врска со Полугодишниот финансиски и оперативен извештај за период јануари - јуни 2018 година за „Меѓународниот аеродром Скопје“ и „Св. Апостол Павле“ - Охрид на ТАВ Македонија

44. Информација со Акциски план по Конечен извештај на Државен завод за ревизија

45. Информација за статус за користење на Твининг инструментот, со прилог

**Г) ДОПОЛНИТЕЛНИ ТОЧКИ**

46. Информација за потребата од формирање на Меѓуресорска работна група која ќе предложи модел за реформа на безбедносно -разузнавачкиот систем во Република Македонија со план за негово воспоставување

47. Информација за потребата од потпишување на Шестиот дополнителен протокол кон Спогодбата за Мултинационалните мировни сили на Југоисточна Европа (ММСЈИЕ) и неговите прилози (ANNEX A-Структура на СЕЕБРИГ, ANNEX B-Генерирање на сили, ANNEX C-Команда на СЕЕБРИГ, ANNEX D-Поддршка од земја домаќин, ANNEX E-Финансии, ANNEX F-Нота за пристапување), со усогласен текст на Протокол

48. Предлог-одлука за издавање на краткотрајна позајмица на нафтени деривати од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати на Министерството за одбрана

49. Информација за Рамковна соработка (Country Partnership Framework) помеѓу Република Македонија и групацијата Светска банка за периодот 2019-2023 година

50. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Универзитетот „Мајка Тереза“ - Скопје

51. Информација во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - песок и чакал на локалитетот „Ада” с.Мрзенци, Општина Гевгелија

52. Информација од Третиот состанок на македонско-хрватската Меѓувладина мешовита комисија за национални малцинства за спроведување на Спогодбата меѓу Република Македонија и Република Хрватска за заштита на правата на македонското малцинство во Република Хрватска и хрватското малцинство во Република Македонија, потпишана на 13 октомври 2007 година во Загреб, Република Хрватска

*

*   *

Владата без забелешки го усвои Записникот од 90 седница на Владата на Република Македонија, одржана на 25.9.2018 година.

*

*   *

**Пред преминување на Дневен ред:**

- **Информација за Програмите на Унијата за 2017 година**

Владата не расправаше по Информацијата за програмите на Унијата за 2017 година.

- **Статус на реализација на Рамковниот договор**

Владата не расправаше по Информацијата за состојбата со правичната застапеност на вработените и структура во Управата за финансиска полиција

*

*   *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја разгледа Информацијата за имотот кој припаѓал на должникот Тутунски комбинат „Боро Петрушевски Папучар“ АД од Куманово, ја усвои Информацијата и притоа заклучи:

- Се задолжуваат Министерството за финансии - Управа за јавни приходи и Агенцијата за управување со одземен имот по разрешување на спорот со претходните учесници во постапката на купување на имотот кој припаѓал на должникот Тутунски комбинат „Боро Петрушевски Папучар“ АД од Куманово (бидејќи тие не се купувачи) и склучување Договор со Централна кооперативна банка за заедничко истапување во продажбата, да пристапат кон заедничко објавување на продажбата на имотот, со цел консолидирање на имотот и конечна цел - ставање во функција како Комбинат.

**Точка 2**

Владата ја разгледа Информацијата со Предлог-одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, во предложениот текст.

**Точка 3**

Владата ја одложи од разгледување Предлог-одлуката за давање согласност на Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на продажни цени за објектот 3.2, Ламела А, Ламела Б, Ламела В, Ламела Б1, Ламела Г и подземен паркинг П1 - Комплекс Источна индустриска зона во Скопје за наредната седница на Владата поради потребата материјалот да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 4**

Владата го разгледа и усвои Збирниот извештај за настанатите штети од елементарни непогоди кои ги зафатија општините: Босилово, Лозово, Охрид, Свети Николе и Струмичко.

Истовремено, Владата го задолжи Министерството за финансии да подготви и до Владата да достави одлука за одобрување на средства од резервите на Буџетот на Република Македонија за 2018 година, за парична помош во висина од 15% од износот на проценетата штета на општина Охрид, наведена во табела 1.

Одлуката се смета за донесена на оваа седница на Владата.

**<u>Точка 5</u>**

Владата го разгледа Барањето за овластување за изработка на одликувања, со Предлог-одлука, го усвои Барањето и го донесе новиот текст на Одлуката за овластување на организација за изработка на одликувања на Република Македонија, во предложениот текст.

**<u>Точка 6</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за продажба на движни ствари, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за продажба на движни ствари, во предложениот текст.

**<u>Точка 7</u>**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата со предлог за поведување на постапка за формирање на работна група за имплементација на Договор за соработка во областа на туризмот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Црна Гора и го усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за економија, Министерството за надворешни работи, Министерството за култура, Државниот завод за статистика, а се укажува на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот и Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија, во рок од седум дена, до Министерство за економија да достават предлог за член и заменик член на работната група.

2. Се задолжува Министерството за економија по формирањето на работната група, во рок од 15 дена, до Владата да достави информација за составот на работната група за имплементација на Договорот за соработка во областа на туризмот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Црна Гора.

**<u>Точка 8</u>**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за одржување на Втората седница на Мешовитата комисија по Меморандумот за економска соработка меѓу министерствата за економија на Република Македонија и Словачката Република и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за образование и наука и Агенцијата за храна и ветеринарство, а се укажува на Дирекцијата за технолошко индустриски развојни зони и Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија, до одржување на следната седница на Владата да предложат претставници кои ќе учествуваат во работата на Втората седница на Мешовитата комисија по Меморандумот за економска соработка меѓу министерствата за економија на Република Македонија и Словачката Република, што ќе се одржи на 24 - 25 октомври 2018 година, во Братислава.

2. Се задолжуваат Министерството за информатичко општество и администрација и Министерството за образование и наука, а се укажува на Дирекцијата за технолошко индустриски развојни зони и Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на

Република Македонија, да се произнесат до одржување на следната седница на Владата за прифаќање на темите предложени од словачката страна наведени во точките 3, 4 и 9 од Предлог-програмата предложена од словачката страна во оваа Информација и доколку оценат за потребно да предложат дополнителни теми кои ќе се вградат во Предлог-протоколот.

3. Се задолжува Министерството за економија до одржување на Втората седница на Мешовитата комисија по Меморандумот за економска соработка меѓу министерствата за економија на Република Македонија и Словачката Република, да достави до словачката страна Предлог-текст на договор/меморандум за соработка во областа на туризмот кој ќе биде иницијатива за отпочнување на преговори во рамки на Втората седница.

4. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство до одржување на Втората седница на Мешовитата комисија по Меморандумот за економска соработка меѓу министерствата за економија на Република Македонија и Словачката Република, да достави до словачката страна:

- Предлог-текст на договор/меморандум за соработка во областа на земјоделството, ветеринарството и безбедност на храна и

- Предлог-спогодба за фитосанитарна соработка, кои ќе бидат иницијативи за отпочнување на преговори во рамки на Втората седница.

Истовремено, Владата заклучи Министерството за економија да го има предвид Мислењето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 9**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата во врска со извршената евалуација од Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина 3/2018 („Службен весник на Република Македонија“, бр. 55/2018), со Предлог-одлука, за наредната седница на Владата.

**Точка 10**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со извршената евалуација по Јавниот повик за доделување на концесии за експлоатација на минерална суровина - мермер на локалитетот „Дебриште“, Општина Росоман по Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина-мермер на локалитетот „Дебриште“, Општина Росоман бр.44-4187/1 од 19.12.2017 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.189/2017), со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и притоа заклучи:

1. Го разгледа Извештајот од проверката на документацијата и евалуацијата на понудите од Јавниот повик за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - мермер на локалитетот „Дебриште“, Општина Росоман 4/2018, објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр.107/2018.

2. Го донесе новиот текст на Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - мермер на Друштвото за

градежништво и трговија Градба Промет ДОО Кавадарци на локалитетот „Дебриште“, Општина Росоман, во предложениот текст.

**<u>Точка 11</u>**

Владата на предлог на предлагачот ја одложи од разгледување Информација за постапката за донесување на Методологија за утврдување на надоместок, согласно Законот за водостопанство, со текст на Методологија за наредната седница на Владата.

**<u>Точка 12</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план за село Дулица за изградба на објекти со намена А-домување, Б-комерцијални и деловни намени, В-јавни институции, Г-производство, дистрибуција и сервиси, Д-зеленило и рекреација, Е-инфраструктура КО Дулица, Општина Македонска Каменица, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план за село Дулица за изградба на објекти со намена А-домување, Б-комерцијални и деловни намени, В-јавни институции, Г-производство, дистрибуција и сервиси, Д-зеленило и рекреација, Е-инфраструктура КО Дулица, Општина Македонска Каменица, во предложениот текст.

**<u>Точка 13</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на фотоволтаична централа за производство на електрична енергија КО Лешок, Општина Теарце, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на урбанистички план вон населено место за изградба на фотоволтаична централа за производство на електрична енергија КО Лешок, Општина Теарце, во предложениот текст.

**<u>Точка 14</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на измена и дополна на Проект за инфраструктура за изградба на водоснабдителен систем со потребни хидротехнички објекти на потег од бунарско подрачје до приклучок со водоснабдителен систем на стационажа 0+800,00 за ТИРЗ Прилеп, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на измена и дополна на Проект за инфраструктура за изградба на водоснабдителен систем со потребни хидротехнички објекти на потег од бунарско подрачје до приклучок со водоснабдителен систем на стационажа 0+800,00 за ТИРЗ Прилеп, во предложениот текст.

## Точка 15

Владата ја разгледа Информацијата во врска со активностите кои ги презема Република Македонија за имплементација на Националната стратегија за одржлив развој и имплементација на Целите за одржлив развој на Обединетите нации, со Предлог-одлука и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го донесе новиот текст на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за формирање на Националниот совет за одржлив развој, во предложениот текст.

2. Се задолжува Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев да ја обнови листата на претставници во Техничката работна група, во рок од 15 дена.

3. Се задолжуваат Секретаријатот за европски прашања, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за економија, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за локална самоуправа, Министерството за транспорт и врски, Министерството за здравство, Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за образование и наука, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за финансии, Министерството за надворешни работи, Министерството за правда и Државниот завод за статистика, во рок од 10 дена да достават номинација на член и заменик - член од раководно ниво до Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, кои ќе бидат претставници во Техничката работна група на Националниот совет за одржлив развој.

4. Се препорачува на Собранието на Република Македонија, во рок од 10 дена да номинира двајца пратеници до Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, кои ќе бидат членови на Националниот совет за одржлив развој.

5. Се препорачува на Стручната служба на Собранието на Република Македонија, во рок од 10 дена да номинира двајца претставници до Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, кои ќе бидат членови на Техничката работна група на Националниот совет за одржлив развој.

6. Се задолжува Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, врз основа на Одлуката за формирање на Национален совет за одржлив развој, да го координира процесот и да обезбеди номинации на претставници од стопанските комори, Македонската академија на науките и уметностите и универзитетите, во рок од 10 дена.

7. Го разгледа Документот за степенот на интегрираност на Целите за одржлив развој во националното стратешко планирање и заклучи Техничката работна група на Националниот совет за одржлив развој во координација со Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, во рок од 30 дена да изврши ажурирање на Документот за степенот на интегрираност на Целите за одржлив развој во националното стратешко планирање.

8. Се задолжува Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, во рок од 60 дена да организира седница на Националниот совет за одржлив развој.

9. Се задолжува Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, во рок од 30 дена по одржување на седницата на Националниот совет за одржлив развој да ја информира Владата за активностите кои ги презема Република Македонија за имплементација на Националната стратегија за одржлив развој и имплементација на Целите за одржлив развој на Обединетите нации.

**Точка 16**

Владата го симна од Дневен ред Барањето за автентично толкување на член 25 став 1 точка 10 од Законот за даноците на имот („Службен весник на Република Македонија“ бр.61/2004, 92/2007, 102/2008, 35/2011, 53/2011, 84/2012, 188/2013, 154/2015, 192/2015 и 23/2016).

**Точка 17**

Владата ја разгледа Информацијата за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2018/901 на Советот од 25 јуни 2018 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2017/2074 за рестриктивните мерки во однос на состојбата во Венецуела, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2018/901 на Советот од 25 јуни 2018 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2017/2074 за рестриктивните мерки во однос на состојбата во Венецуела, во предложениот текст.

**Точка 18**

Владата ја разгледа Информацијата за можностите и условите за спогодбено решавање на предметот пред Европскиот суд за човекови права Реџепи против Република Македонија, А.бр.16632/15 и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се овластува Владиниот агент во постапката пред Европскиот суд за човекови права да ја изрази подготвеноста на Владата на Република Македонија за пријателско решавање на предметот Реџепи против Република Македонија А.бр. 16632/15.

2. Се овластува Владиниот агент на Република Македонија во постапката пред Европскиот суд за човекови права, за целите на спогодбено решавање на предметите да прифати дека државата, на апликантот Аријан Реџепи, во случајот Реџепи против Република Македонија А.бр. 16632/15 ќе му исплати износ од 1000 EUR (илјада евра) во денарска противвредност.

3. Се овластува Владиниот агент на Република Македонија во случај апликантот во предметот пред Европскиот суд за човекови права, Реџепи против Република Македонија А.бр. 16632/15 да не ја прифати понудата за спогодбено решавање на предметот, пред Европскиот суд за човекови права да изрази еднострана декларација со која ги признава повредите на Европскиот суд за човекови права и за целите на конечно решавање на предметот пред Европскиот суд за човекови права на апликантот да му понуди износ кој е

за 10% понизок од износот понуден од страна на Европскиот суд за човекови права за целите на спогодбено решавање на предметот.

**Точка 19**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард за 2018 година, во предложениот текст.

**Точка 20**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за прогрес на активностите во процесот на изработка на Стратегијата за паметна специјализација за истражување и иновации (РИС3) (за период јануари-јуни 2018 година) и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за образование и наука, како координатор на процесот за изработка на Стратегијата за паметна специјализација за истражување и иновации, во рок од 10 дена, да ја надополни Работната група со претставници од Државен завод за индустриска сопственост, Стопанска комора на Македонија, Сојуз на стопански комори на Македонија, Стопанска комора на северозападна Македонија, МАСИТ-ИКТ Стопанска комора, МАНУ, Министерство за локална самоуправа, Министерство за транспорт и врски, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерство за животна средина и просторно планирање, кои во рок од 5 дена ќе номинираат претставник за член во работната група за изработка на Стратегија за паметна специјализација за истражување и иновации.

2. Се задолжува Министерството за образование и наука, во рамки на работната група, во рок од 15 дена, да формира аналитички тим кој ќе ги собира и обработува податоците, ќе креира бази и ќе изработи квалитативна и квантитативна анализа на истите.

3. Се задолжува Министерството за образование и наука да му препорача на Машинскиот факултет при Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ Скопје да ја разгледа можноста во определен рок да ги стави на располагање инфраструктурните капацитети и човечки ресурси на Центарот за истражување, развој и континуирано образование (ЦИРКО) при Машинскиот факултет на УКИМ, Скопје, со цел поефикасна координација и работа на аналитичкиот тим.

4. Се задолжува Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економски ресори, да ја разгледа можноста да подготви и достави допис до претставниците на донаторската заедница во Република Македонија (амбасади, странски развојни организации, развојни банки и слично) кои финансирале проекти поврзани со областа која ја покрива смарт специјализацијата, а за да се обезбедат услови за непречена работа на аналитичкиот тим кој работи на подготовка на подлоги за изработка на стратегијата и да побара истите да овозможат пристап до податоци и анализи изработени во рамки на нивни финансирани проекти, како и можноста за финансирање на одредени активности за собирање податоци и анализи предложени од аналитичкиот тим.

Исто така, се задолжува Министерството за образование и наука да го има предвид мислењето од Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори.

**Точка 21**

Владата ја разгледа Информацијата за Протоколот за продолжување и дополнување на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Соединетите Американски Држави за научна и технолошка соработка, со текст на Протокол и имајќи го предвид мислењето на Министерството за надворешни работи ги донесе следните заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата за Протоколот за продолжување и дополнување на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Соединетите Американски Држави за научна и технолошка соработка.

2. Го усвои Протоколот за продолжување и дополнување на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Соединетите Американски Држави за научна и технолошка соработка.

3. Го овласти д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука да го потпише Протоколот за продолжување и дополнување на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Соединетите Американски Држави за научна и технолошка соработка.

**Точка 22**

Владата ја разгледа Информацијата со платформа за учеството на македонската делегација на Осмата Конференција на земјите договорни страни на Рамковната конвенција за контрола на тутунот на Светската здравствена организација (Женева, Швајцарија од 1 до 6 октомври 2018 година) и ја усвои со следниот заклучок:

- Се задолжува македонската делегација која ќе учествува на Осмата Конференција на земјите договорни страни на Рамковната конвенција за контрола на тутунот на Светската здравствена организација (Женева, Швајцарија од 1 до 6 октомври 2018 година) да го застапува националниот став на Република Македонија во однос на членовите 5.3, 6, 9, 10, 17, 18 и 19 од Рамковната конвенција за контрола на тутунот, согласно Информацијата со платформа за учеството на македонската делегација на Осмата Конференција на земјите договорни страни на Рамковната конвенција за контрола на тутунот на Светската здравствена организација (Женева, Швајцарија од 1 до 6 октомври 2018 година).

**Точка 23**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - термоминерална вода на Друштвото за производство и трговија Ледра Агро ДОО Гевгелија на локалитетот „Смоквица", Општина Гевгелија, во предложениот текст.

**Точка 24**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - минерална вода на Друштвото за производство, промет и услуги Вест Балкан

Стоне увоз-извоз ДОО Скопје на локалитетот „Питран“ с.Дворци, Општина Пласница, во предложениот текст.

**Точка 25**

Владата ја донесе Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - варовник на локалитетот „Климештани“ с.Климештани, Општина Дебарца и Општина Струга, во предложениот текст.

**Точка 26**

Владата ги донесе :

1. Решението за формирање Комисија за спроведување на постапка за доделување концесија на рибите за вршење на стопански риболов на риболовното подрачје „Охридско Езеро“,

2. Решението за формирање Комисија за спроведување на постапка за доделување концесија на рибите за организирање рекреативен риболов на риболовниот ревир „Треска 1 - Кичевски “,

3. Решението за формирање Комисија за спроведување на постапка за доделување концесија на рибите за организирање рекреативен риболов на риболовниот ревир „Црн Дрим 2“,

4. Решението за формирање Комисија за спроведување на постапка за доделување концесија на рибите за организирање рекреативен риболов на риболовниот ревир „Црна Река 1 - Демирхисарски “,

5. Решението за формирање Комисија за спроведување на постапка за доделување концесија на рибите за организирање рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Матка“,

6. Решението за формирање Комисија за спроведување на постапка за доделување концесија на рибите за организирање рекреативен риболов на рекреативната зона „Дојранско Езеро“,

7. Решението за формирање Комисија за спроведување на постапка за доделување концесија на рибите за вршење на стопански риболов на риболовното подрачје „Дојранско Езеро“,

8. Решението за формирање Комисија за спроведување на постапка за доделување концесија на рибите за организирање рекреативен риболов на риболовниот ревир „Злетовска Река“,

9. Решението за формирање Комисија за спроведување на постапка за доделување концесија на рибите за организирање рекреативен риболов на риболовниот ревир „Охридски Слив“ и

10. Решението за формирање Комисија за спроведување на постапка за доделување концесија на рибите за организирање рекреативен риболов на рекреативната зона „Охридско Езеро“, во предложените текстови.

## Точка 27

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Казнено - поправната установа Затвор Скопје - Скопје, во предложениот текст.

## Точка 28

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерство за правда - Биро за застапување на Република Македонија пред Европскиот суд за човекови права (нов текст), во предложениот текст.

## Точка 29

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за правда - Управа за водење на матичните книги, во предложениот текст.

## Точка 30

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за правда - Управа за извршување на санкциите, во предложениот текст.

## Точка 31

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за животната средина, поднесен од група пратеници и дава негативно мислење по Предлог-законот.

Со Предлог-законот се доделуваат дополнителни права и обврски на општините, особено во областите:

- спроведување на задолжителен локален мониторинг, катастар на загадувачи, итн.;
- изработка на извештај за состојбите на животната средина, преку соработка со правните лица што вршат интерен мониторинг;
- основање на тело за спроведување на локални еколошки акциски планови (ЛЕАП-и);
- поголемо влијание на општините врз донесување на решенија за одобрување/одбивање на студии за оцена на влијанијата врз животната средина или издавање на А интегрирани дозволи;
- право на овластените инспектори за животна средина да вршат инспекции;
- право доделено на општините да изречат забрана за вршење на дејност или активност што има загадувачки карактер и обврска за санација на штетите на животната средина на сметка на загадувачот.

Се смета дека овие дополнителни права се во насока на понатамошна децентрализација и подиректно учество на општините во носењето на одлуки за спроведување на инвестициски проекти на нивната територија, особено кога локалното население се противи заради потенцијално загадувачката природа на овие инвестиции.

Од друга страна, дополнителните обврски се поврзани со:

- потребата од зајакнување на професионалните капацитети на локалната администрација, вклучително и овластените инспектори за животна средина;
- обезбедување на значајни финансиски средства за воспоставување на локални мониторинг мрежи, изработка на катастри на загадувачи, извештаи за состојбата на животната средина, санација на штети врз животната средина итн.

Во врска со професионалните капацитети за спроведување на локални мониторинг мрежи, се смета дека истите не се на соодветно ниво кое е неопходно за општините да бидат во можност да ги реализираат овие дополнителни законски обврски. Исто така, постојат сериозни разлики помеѓу општините, така што за помалите општини спроведувањето на овие обврски ќе претставува сериозен проблем.

Имено, воведувањето на задолжителна обврска за локален мониторинг во животната средина во моментот е тешко изводливо од причини што истиот ќе наметне дополнителни финансиски оптоварувања за општините. Исто така, општините во моментот не располагаат со доволен административен капацитет да го спроведуваат истиот. За предлагање на ваква обврска предлагачот е потребно да направи детална анализа на потребните финансиски средства за локален мониторинг, а не само да се идентификуваат изворите на финансирање. Наметнувањето на оваа обврска како задолжителна би значело дека сите општини во Република Македонија ќе имаат обврска да ја исполнат. Притоа мора да се води сметка дека финансискиот и административен капацитет на општините во Република Македонија е на различно ниво со што некои општини би биле доведени до неповолна положба.

Дополнително, Владата на Република Македонија, Ве информира дека Министерството за животна средина и просторно планирање работи на изменувања и дополнувања на Законот за животната средина. Во текот на процесот на изработка на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за животната средина, како и на проценката на влијанието на регулативата, ќе се утврди дали предлозите на групата пратеници може да бидат земени во предвид.

## <u>Точка 32</u>

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 112 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/2011, 53/2011, 144/2012, 25/2013, 137/2013 и 163/2013), поднесено од градоначалникот на Општина Охрид и притоа го утврди следното мислење:

Со членот 112 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/2011, 53/2011, 144/2012, 25/2013, 137/2013 и 163/2013) за кој се бара автентично толкување е пропишано дека „започнатите постапки за отуѓување и давање под долготраен и краткотраен закуп со јавно наддавање и со непосредна спогодба на градежното земјиште сопственост на Република Македонија по кои не се склучени

договори за отуѓување и давање под долготраен и краткотраен закуп со јавно наддавање и со непосредна спогодба или по кои управната постапка не е правосилно завршена, предметите по започнатите постапки од членот 50 на Законот за градежното земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/2008, 143/2008 и 56/2010) по кои постапката не е правосилно завршена, како и сите правосилно завршени предмети по кои се преземени вонредни правни лекови и се води повторена постапка, ќе се преземат од страна на општините, општините во Градот Скопје и Градот Скопје со денот на исполнувањето на условите за вршењето на работите на располагањето со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија согласно со овој закон.

Општините, општините во Градот Скопје и Градот Скопје со денот на исполнувањето на условите за вршењето на работите на располагањето со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија, согласно со овој закон, ќе го следат спроведувањето на склучените договори за отуѓување и давање под долготраен и краткотраен закуп со јавно наддавање и со непосредна спогодба на градежното земјиште сопственост на Република Македонија“.

Во таа смисла и во член 136 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.15/2015, 98/2015, 193/2015, 226/2015, 31/2016, 142/2016 и 190/2016) кој е во важност е пропишано дека „започнатите постапки за отуѓување и давање под долготраен и краткотраен закуп со јавно наддавање и со непосредна спогодба на градежното земјиште сопственост на Република Македонија по кои не се склучени договори за отуѓување и давање под долготраен и краткотраен закуп со јавно наддавање и со непосредна спогодба или по кои управната постапка не е правосилно завршена, предметите по започнатите постапки од членот 50 на Законот за градежното земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/2008, 143/2008 и 56/2010) и членот 88 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/2011, 53/2011, 144/2012, 25/2013, 137/2013 и 163/2013) по кои постапката не е правосилно завршена, како и сите правосилно завршени предмети по кои се преземени вонредни правни лекови и се води повторена постапка, ќе се преземат од страна на општините, општините во Градот Скопје и Градот Скопје со денот на исполнувањето на условите за вршењето на работите на располагањето со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија согласно со овој закон.

Општините, општините во Градот Скопје и Градот Скопје со денот на исполнувањето на условите за вршењето на работите на располагањето со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија, согласно со овој закон, ќе го следат спроведувањето на склучените договори за отуѓување и давање под долготраен и краткотраен закуп со јавно наддавање и со непосредна спогодба на градежното земјиште сопственост на Република Македонија“.

Општина Охрид со Одлука бр.41-2824/1 од 15.8.2012 година донесена од страна на Владата на Република Македонија ги има преземено надлежностите од областа на градежното земјиште по претходно исполнетите законски услови согласно член 89 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/2011, 53/2011, 25/2013, 137/2013 и 163/2013).

Имајќи предвид дека во членот 112 став 1 од Законот за градежно земјиште меѓу другото е определено дека сите правосилно завршени предмети по кои се преземени вонредни правни лекови и се води повторена постапка ќе се преземат од страна на општините,

општините во Градот Скопје и Градот Скопје со денот на исполнувањето на условите за вршењето на работите на располагањето со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија согласно со овој закон, а Општина Охрид ги има исполнето условите за вршење на работите на располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија и се има стекнато со правото на располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија, Општина Охрид има надлежност да постапува по вонредни правни лекови, односно да постапува по барања за поништување на решенијата за трансформација на правото на користење на градежно земјиште сопственост на Република Македонија во право на сопственост по основ на поранешна сопственост донесени од Министерството за транспорт и врски - подрачно одделение Охрид.

Владата на Република Македонија укажува дека членот 112 од Законот за градежното земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/2011, 53/2011, 144/2012, 25/2013, 137/2013 и 163/2013) е јасен и прецизен и нема потреба од негово автентично толкување.

**Точка 33**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Васил Кузманоски од Охрид за продажба на сосопственички дел од недвижен имот, со Имотен лист бр.1812 за КО Велестово, КП 2686/1 викано место/улица Рача и по Понудата ги усвои Мислењето на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 34**

Владата го разгледа Известувањето од извршител Снежана Андреевска од Скопје за налог за извршување врз недвижност (врз основа на член 166 од Законот за извршување) доставени под И.бр.813/18 и по Известувањето го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 35**

Владата го разгледа Известувањето од извршител Кети Арсова од Скопје за Заклучок за усна јавна продажба (врз основа на членовите 179 став 1, 181 став 1 и 182 став 1 од Законот за извршување) доставено под И.бр.326/2018 и по Известувањето го усвои Известувањето на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

**Точка 36**

1. Владата за претседател и член на Инспекцискиот совет ги избра:

а) за претседател:

-Магдалена Филиповска-Грашкоска, досегашен вршител на должност претседател на Инспекцискиот совет, со мандат од три години со право на уште еден избор и истовремено и утврди коефициент за пресметување на плата.

б) за член:

- Фитим Лога од областа на земјоделството, шумарството, ветеринарството и безбедноста на храната, со мандат од три години со право на уште еден повторен избор и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

2. Владата го именува Дејан Ампев за вршител на должноста заменик-координатор на Националниот координативен центар за гранично управување и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

3. Владата го разреши Роберт Бекироски од должноста директор на Агенцијата за лекови и медицински средства, на негово барање.

3.1. Владата го именува Ќахил Ибраими за вршител на должноста директор на Агенцијата за лекови и медициски средства и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

## Точка 37

**1.** Владата го разгледа Предлогот за именување претседател на Организациониот одбор за прослава на државниот празник 11 Октомври - Ден на народното востание, со Предлог-решение и притоа заклучи:

1) За претседател на Организациониот одбор за прослава на државниот празник - 11 Октомври - Ден на народното востание се именува Мила Царовска, министер за труд и социјална политика, а за членови м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Асаф Адеми, министер за култура, Сухејл Фазлиу, министер за локална самоуправа, Драган Николиќ, државен секретар во Министерството за одбрана и м-р Роберт Алаѓозовски, национален координатор за развој на културата и меѓуресорска соработка.

2) Го донесе Решението за именување претседател и членови на Организациониот одбор за прослава на државниот празник - 11 Октомври - Ден на народното востание, во предложениот текст.

**2.** Владата заклучи да го повлече од собраниска постапка Барањето за автентично толкување на член 14 став 3 точка 1 и точка 5 од Законот за данок на додадена вредност („Службен весник на Република Македонија“, бр. 44/1999, 59/1999, 86/1999, 11/2000, 93/2000, 8/2001, 31/2001, 21/2003, 17/2004, 19/2004, 13/2006, 33/2006, 45/2006, 101/2006, 114/2007, 103/2008, 114/2009, 133/2009, 95/2010, 102/2010, 24/2011, 135/2011, 135/2011, 155/2012, 12/2014, 112/2014, 130/2014, 15/2015, 129/2015, 129/2015, 225/2015, 23/2016 и 189/2016), доставено до Собранието на Република Македонија, под број 44-8757/1 од 25.9.2018 година.

**3.** Владата заклучи да го повлече од собраниска постапка Барањето за автентично толкување на член 2 точка 4 од Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 4/2005, 79/2006, 13/2007, 165/2008, 146/2009, 18/2011, 51/2011, 27/2014, 144/2014, 72/2015, 104/2015, 153/2015, 23/2016, 178/2016, 178/2016, 30/2018 и 120/2018), доставено до Собранието на Република Македонија, под број 44-8758/1 од 25.9.2018 година.

**4.** Владата, имајќи ја предвид Одлуката за пренос на акции од сопственост на Влада на Република Македонија во сопственост на Министерството за транспорт и врски, донесена на седницата на Владата, одржана на 24.7.2018 година, а согласно одредбите од Законот за енергетика, заклучи сите информации, известувања, одлуки и други акти од работењето АД МЕПСО, во државна сопственост, Скопје во иднина да ги доставува до Министерството за транспорт и врски, согласно член 72 од Законот за енергетика.
**5.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Македонија за период од 24.9.2018 година до 30.9.2018 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Македонија и Собранието на Република Македонија.

**Точка 38**

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за работата на Акционерско друштво во државна сопственост за давање на услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје за периодот април - јуни 2018 година, со дополнителни документи, како материјал за информирање.

**Точка 39**

Владата ја разгледа Информацијата за целосна отплата на синдициран кредит, НЛБ и Комерцијална банка во износ од 9.800.000 евра, како материјал за информирање.

**Точка 40**

Владата ја разгледа Информацијата за 2018 година за реализација на проектите: „Бесплатен викенд за млади лица до 27 години за превоз во железнички сообраќај“, „50% попуст за ученици и студенти“, „Бесплатен четврток за студенти во железнички патнички сообраќај“, „Средношколска среда“ и „Бесплатен викенд за стари лица во железнички патнички сообраќај“ (нов текст), како материјал за информирање.

**Точка 41**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Советот на јавните обвинители на Република Македонија за 2017 година, како материјал за информирање, при што да се има предвид мислењето на Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор.

**Точка 42**

Владата ја разгледа Информацијата за текот и прогресот на активностите за реализација на проектот „Евтини летови за македонските граѓани“, како материјал за информирање.

**Точка 43**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Полугодишниот финансиски и оперативен извештај за период јануари - јуни 2018 година за „Меѓународниот аеродром Скопје“ и „Св. Апостол Павле“ - Охрид на ТАВ Македонија, како материјал за информирање.

**Точка 44**

Владата ја разгледа Информацијата со Акциски план по Конечен извештај на Државен завод за ревизија, како материјал за информирање, при што Министерството за правда да ги има предвид забелешките изнесени во новото Мислење на Министерството за финансии.

**Точка 45**

Владата ја разгледа Информацијата за статус за користење на Твининг инструментот, со нов текст на прилог, како материјал за информирање.

**Точка 46**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од формирање на Меѓуресорска работна група која ќе предложи модел за реформа на безбедносно -разузнавачкиот систем во Република Македонија со план за негово воспоставување и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за одбрана - Сектор - служба за воена безбедност и разузнавање, Министерството за финансии - Царинска управа, Управата за финансиска полиција, Управата за финансиско разузнавање и Дирекцијата за безбедност на класифицираните информации во рок од два дена до Министерството за внатрешни работи да достават номинација на свој претставник во Меѓуресорската работна група.

2. Се препорачува на Врховниот суд на Република Македонија, Јавното обвинителство на Република Македонија, Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите, Агенцијата за разузнавање на Република Македонија, Дирекцијата за заштита на личните податоци, Собранието на Република Македонија, Комисија за надзор над работата на Управата за безбедност и контраразузнавање и на Агенцијата за разузнавање, Комисијата за одбрана и безбедност и Комисијата за надзор над спроведувањето на посебната истражна мерка следење на комуникациите од страна на Министерството за внатрешни работи, Управата за финансиска полиција, Царинската управа и Министерството за одбрана, Народниот правобранител и Оперативно - техничката агенција, во рок од два дена до Министерството за внатрешни работи да достават номинација на свој претставник во Меѓуресорската работна група.

3. Се задолжува Министерството за внатрешни работи, во рок од три дена од добивањето на номинациите до Владата да достави Предлог-одлука за формирање на Меѓуресорска работна група која ќе предложи модел на реформа на безбедносно - разузнавачкиот систем во Република Македонија, со план за негово воспоставување.

**Точка 47**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од потпишување на Шестиот дополнителен протокол кон Спогодбата за Мултинационалните мировни сили на Југоисточна Европа (ММСЈИЕ) и неговите прилози (ANNEX A-Структура на СЕЕБРИГ, ANNEX B-Генерирање на сили, ANNEX C-Команда на СЕЕБРИГ, ANNEX D-Поддршка од земја домаќин, ANNEX E-Финансии, ANNEX F-Нота за пристапување), со усогласен текст на Протокол и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Шестиот дополнителен протокол кон Спогодбата за Мултинационалните мировни сили на Југоисточна Европа (ММСЈИЕ) и неговите прилози (ANNEX A-Структура на СЕЕБРИГ, ANNEX B-Генерирање на сили, ANNEX C-Команда на СЕЕБРИГ, ANNEX D-Поддршка од земја домаќин, ANNEX E-Финансии, ANNEX F-Нота за пристапување).

2. Се определува заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска во име на Владата на Република Македонија да го потпише Шестиот дополнителен протокол кон Спогодбата за Мултинационалните мировни сили на Југоисточна Европа (ММСЈИЕ) и неговите прилози (ANNEX A-Структура на СЕЕБРИГ, ANNEX B-Генерирање на сили, ANNEX C-Команда на СЕЕБРИГ, ANNEX D-Поддршка од земја домаќин, ANNEX E-Финансии, ANNEX F-Нота за пристапување).

## Точка 48

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за издавање на краткотрајна позајмица на нафтени деривати од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати на Министерството за одбрана и имајќи ги предвид укажувањата на Секретаријатот за законодавство го задолжи Министерството за одбрана да ја преработи Предлог-одлуката согласно член 13 од Законот за стоковните резерви, во насока на отстапување на нафтени деривати на Министерството за одбрана од Агенцијата за стокови резерви.

Одлуката да се смета за донесена на оваа седница на Владата.

## Точка 49

Владата ја разгледа Информацијата за Рамковна соработка (Country Partnership Framework) помеѓу Република Македонија и групацијата Светска банка за периодот 2019-2023 година и притоа ги донесе следните заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата за Рамковна соработка (Country Partnership Framework) помеѓу Република Македонија и групацијата Светска банка за периодот 2019-2023 година, со тоа што во делот „Заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за економски прашања и координација со економските ресори/ Министерство за економија“ да остане само Министерството за економија, а Заменикот на претседателот на Владата задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори да се наведе како прв во групата на министерства со економски ресор.

2. Го прифати предлогот за Рамковна соработка (Country Partnership Framework) помеѓу Република Македонија и групацијата Светска банка за периодот 2019-2023 година, односно го прифати предлогот со проекти кои би се реализирале и финансирале со средства (грант и/или заем) од групацијата Светска банка во наведениот период.

3. Се задолжува Министерството за финансии, по усвојување на оваа информација, веднаш да ја достави до групацијата Светска банка табелата со предлози за Рамковната соработка (Country Partnership Framework) помеѓу Република Македонија и групацијата Светска банка за периодот 2019-2023 година.

**Точка 50**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Универзитетот „Мајка Тереза“ - Скопје, во предложениот текст.

**Точка 51**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - песок и чакал на локалитетот „Ада” с.Мрзенци, Општина Гевгелија, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во рок три дена да достави соодветно мислење во однос на иницијативата за започнување на постапка за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - песок и чакал на локалитетот „Ада” с.Мрзенци, Општина Гевгелија од аспект на заштита на шумите (барање на мислење бр.24-655/3 од 22.2.2018 година).

**Точка 52**

Владата ја разгледа Информацијата од Третиот состанок на македонско-хрватската Меѓувладина мешовита комисија за национални малцинства за спроведување на Спогодбата меѓу Република Македонија и Република Хрватска за заштита на правата на македонското малцинство во Република Хрватска и хрватското малцинство во Република Македонија, потпишана на 13 октомври 2007 година во Загреб, Република Хрватска и ја усвои со следниот заклучок:

- Се задолжува министерот без ресор, задолжен за дијаспора, Едмонд Адеми, воедно и претседател на македонскиот дел на Меѓувладината мешовита комисија за национални малцинства, да ги координира активностите на надлежните институции при спроведувањето на обврските преземени со Спогодбата.

*

*     *

На седницата се водени стенографски белешки.
Седницата заврши во 14:25 часот.

| ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА | ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА |
|---|---|
| д-р Драги Рашковски | Зоран Заев |